# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Во Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 12/14, 43/14, 33/15, 27/16, 83/18 и 198/18), во член 9 став (6) точката 5) се менува и гласи:

„да има потврда или сертификат за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга, не постари од пет години.“.

Член 2

Во член 60 став (6) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 3

Во член 61 во ставовите (5) и (6) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 4

Во член 67 во ставовите (1) и (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 5

Во член 75 ставот (1) се менува и гласи:

„Директорот е должен до ресорниот министер да достави на одобрување годишен план за работа на органот најдоцна до 1 декември во тековната за наредната година, полугодишен извештај најдоцна до 31 јули и годишен извештај за работа на органот најдоцна до 31 јануари за претходната година.“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.